02-557/1

ЗАПИСНИК ОД КОНСТИТУТИВНА СОБРАНИСКА СЕДНИЦА НА СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА ОДРЖАНА НА 12.04.2018 ГОДИНА

Конститутивната собраниска седница на Стоматолошка комора на Македонија се оджа на 12.04.2018 година. На седницата присуствуваа 50 доктори на стоматологија кои добиле мандат за членови на новиот четиригодишен собраниски состав на Комрата.

Седницата ја отвори досегашниот претседател на Собранието на Комората, д-р Круме Чесноски, кои ги поздрави и им честиташе на мандатот на делегатите и го повика највозрасниот член на Собранието, д-р Амет Демири, да претседава со седницата.

Претседавачот со седницата, д-р Демири, го стави Предлог-дневниот ред на разгледување и усвојување.

Предлог-дневниот ред едногласно беше усвоен и стана

Дневен ред :

Усвојување на записничар на седницата и оверувачи на собранискиот записник

1.Извештај на Централната изборна комисија за текот и резултатите од изборниот процес за избор на делегати на РО и делегати на Собранието на Комората

2.Усвојување на работно претседателство

3.Усвојување на верификациона комисија

4.Верификација на мандатите на делегатите на Собранието на Комората

ЗАПИСНИК :

-За записничар на конститутивната собраниска седница беше предложен службеникот од Стручната служба на СКМ, Јасминка Јанева.

Записничарот едногласно беше усвоен.

За оверувачи на собранискиот записник беа предложени и едногласно усвоени д-р. Драган Китановски и д-р. Арбен Асани.

1.Претседателот на Централната изборна комисијата на Стоматолошка комора на Македонија, д-р Кирил Пецаков, им честиташе за изборот на делегатите, а потоа поднесе извештај за работата на ЦИК за време на изборниот процес за избор на членови, претставници на регионите на Комората и изборот на делегати во Собранието. Притоа нагласи дека се работело транспарентно и дека во сите фази на изборот имало објавени информации за закажаните состаноци по РО, за текот на изборите и соопштенија и изборните листи на официјалната web-страницата на Комората.

Д-р Пецаков концизно наведе како течеле изборите во фази, во 22 регионални одбори на СКМ на 22 избирачки места. За време на изборниот процес имало 2-3 проблеми во регионите кои се решиле согласно роковите пропишани во Правилникот за избори и именување.

ЦИК одлучувал по однос на преговори за :

-РО Берово/Делчево каде избирачкото место било затворено порано, па изборот се повторил,

-РО Дебар во кој имало изборачки ливчиња без потпис, но бројот на гласови не влијаел на резултатите од изборите и

-РО Карпош, како и во РО Дебар, но проблемот довел до изедначување на бројот на освоени гласови, односно довело до проблем во изборниот резултат.

Сепак, ЦИК донел конечно решение и конечните изборни резултати се објавени на web-страницата на Комората. Постојат три примероци од записникот и од листата на освоени мандати за новиот четиригодишен преиод и тоа за : ЦИК, за Собранието на СКМ и за архива на СКМ.

Претседателот на Централната изборна комисија на Комората го најави и темпото со кое ќе работи ЦИК и роковите за изборниот процес. Како што кажа д-р Пецаков, треба да бидат завршени состаноците по РО и од страна на регионите предлог-кандидатурите за претседател на СКМ да бидат доставени до Централната изборна комисија најдоцна до 18.04 2018 година. Документацијата за прифаќање на кандидатура за претседател на Комора, кандидатите треба да ја доставт до ЦИК најдоцна до 21.04.2018 до 15 часот. ЦИК, на пристигнатите дописи со предлози за претседател од РО ќе работи на 19, 20 и 21. 04.2018. На 21. 04.2018 до 15 часот ќе ги разгледува доставените кандидатури за претседател.

Изборот за претседател на Комората за периодот од 2018-2022 ќе се случи на 25.04.2018. Локацијата и времето на продолжението на првата конститутивна седница ќе биде дополнително објавено.

3.Избор на Работно претседателство за конститутивната седница

Предлог за членови за Работно претседателство за конститутивната седница беа : д-р Цветанка Мишевска Бајрактарова, д-р Марија Пеева, д-р Јован Гагалески.

Предлогот едногласно усвоен од сите членови на собранието.

4.Избор на Верификациона комисија на Комората

За членови на Верификационата комисија беа предложени четворица, наместо тројца членови-согласно Правилникот за избори и именувања на СКМ.

Предложени беа : д-р Оливер Манасиев, д-р Спасенка Ѓоргиевска, д-р Круме Чесноски и д-р Џељаљ Ибраими.

Претседателот на ЦИК со објаснување дека Верификационата комисија има формална задача – да го направи верификувањето на веќе дефнираните освоени мандати. Оттука, како што истакна тој, нема да биде проблм што оваа коморска Комисија наместо пропишаните три ќе има четири члена. Целта на ваквото решение е да се задоволат сите заинтересирани страни.

По кратка дискусија во врска со објаснувањето за зголемување на бројот на членови на Верификационата комисија, истата беше едногласно усвоена од собранискиот состав.

5.Верификација на мандатите на новиот собраниски состав

Комисијата за избори и именувања и Верификационата комисија се повлекоа за да го направат верификувањето на мандатите на новите собраниски делегати за периодот од 2018-2022 година по што следува извештај од комисијата за избори и именувања и од Верификационата комисија. Односно, претседателот на Верификационата комисија, д-р Спасенка Ѓоргиевска, треба да поднесе информација за верификувањето на мандатите пред Собранието.

Дадена пауза за разгледување на новите собраниски мандати.

По подолга пауза претседателот на Верификационата комисија, д-р Спасенка Ѓоргиевска, даде извештај дека Комисијата ги верификувала мандатите на сите новоизбрани делегати, освен на овие од РО Карпош. Како што објасни таа, Изборната комисија дала наместо три-четири мандати за тој регион поради еднаквиот број на гласови на делегатите и поради запазувањето на правилото за етничка застапеност. Но, ваквото решение на изборната Комисија довело до парен број на делегати во Собранието на Комората што, иако во Статутот на Комората стои “не поголем број од 50 делегати”, за Верификационата комисија е неприфатливо бидејќи ќе во иднина можно е да постои проблем при гласањата и носењето на собраниски одлуки.

Ваквата одлука на Верификационата комисија за заснова на член 8 од Деловникот на Собранието, член 48 од Правилникот за избори и именувања на РО, тела и органи и претседател на СКМ и член 19 од Статутот на Комората.

Препорака на Верификационата комисиа до Комисијата за избори е да се повтори изборниот процес во РО Карпош и оттаму да бидат делегирани три члена, согласно Статутот и Правилникот за избори на СКМ.

Деновите што ЦИК ги даде како рокови во кои ќе се движат тајминзите за избори, препорака на Верификационата комисија е да останат.

-Д-р Цветанка Мишевска Бајрарктарова побара податок од изборната Комисија за бројот на освоени гласовин во РО Карпош.

-Д-р Пецаков подесе информација за точниот број на освоени гласови на изборите во РО Карпош. И повторно го објасни проблемот коишто настанал при гласањето.

Своето излагање, претседателот на Комисијата за избори и именувања, го заврши со информацијата дека изборната Комисија ја прифаќа и дека ќе ја спроведе сугестијата изречена од Верификационата комисија.

Претседавачот со конститутивната седница, д-р Амет Демири, го стави на гласање конечниот изборен список со верифицирани 48 мандати и напомена најдоцна до 25.04.2018 година да се достават и имињата на докторите кои ќе бидат членови од РО Карпош во Собранието на СКМ.

Едногласно усвоени 48-те мандати на новиот собраниски состав за периодот од 2018-2022 година.

-По завршувањето на седницата, д-р Весна Чемерска им го честиташе мандатот на своиите колеги и праша по кој основ ќе се спроведува прегласување во РО Карпош кога согласно член 48 од Правилникот за избори одлуката на ЦИК е конечна.

-Делегатот, д-р Борис Стојанов, даде појаснување дека согласно член 9 од Деловникот за работа на Собранието, доколку Верификационата комисија утврди дека на некој член му е спорен мандатот, може предлогот за избор на член на Собранието да го врати на повторно разгледување на ЦИК.

Записничар :

Јасминка М. Јанева

Оверувачи на записник :

Д-р Драган Китановски

Д-р Арбен Асани

**STOMATOLO[KA KOMORA NA MAKEDONIJA**

**DENTAL CHAMBER OF MACEDONIA**

br. 02- 557/7 ul. Антон Попов br1/4-5Skopje

25.04.2018 god.
(02) 3246 851 3246 852

ЗАПИСНИК ОД ПРОДОЛЖЕНИЕ НА КОНСТИТУТИВНА СОБРАНИСКА СЕДНИЦА НА СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА ОДРЖАНА НА 25.04.2018

Конститутивната собраниска седница на Стоматолошка комора на Македонија ја продолжи својата работа на 25.04.2018 година. На првото продолжение на конститутивната седница присуствуваа 48 доктори на стоматологија кои добиле мандат за членови на Собранието.

Седницата ја отвори претседателот на работното претседателство, д-р Амет Демири. Тој ги поздрави присутните делегати и ги замоли колегите кои се присутни а не се поканети да присуствуваат, да ја напуштат седницата.

На ваквиот предлог на претседавачот на Собранието, присутниот д-р Јосиф Трајковски истакна дека оние кои не се делегати, како членови на Комората, може да присуствуваат без право на збор и право на глас.

Претседавачот со седницата, д-р Демири, го стави Предлог-дневниот ред на разгледување и усвојување.

Предлог-дневниот ред едногласно, со 48 гласа “за” беше усвоен и стана

Дневен ред :

1.Верификација на мандат

2.Избор на претседател на Собранието на Стоматолошка комора на Македонија

3.Избор на Претседател на Стоматолошка комора на Македонија

ЗАПИСНИК :

1.По однос на првата точка од дневниот ред, претседателот на Централната изборна комисија на СКМ, д-р Кирил Пецаков, даде извештај за сработеното по однос на препораката добиена на минатата седница (од 12.04.2018)од Верификационата комисија.

Како што истакна д-р Пецаков, Комисијата за избори и именување предложила а Верификационата комисија на претходната седница верификувала 48 мандати.  На изборната Комисија  ѝ останала обврската да го разгледа и одлучи за мандатот(те) во РО Капрош.

По дадениот извештај од страна на претседателот на ЦИК, двете комисии – Верификационата комисија и Комисијата за избори и именување на СКМ, се повлекоа за да го разгледаат и одлучат за мандатот за РО Карпош.

По кратка пауза, претседателот на Верификационата комисија, д-р Спасенка Ѓеоргиевска, поднесе извештај со кој, според претходно доставениот извештајот од ЦИК, еден од членови од РО Капрош, д-р Јордан Стојановски, ја повлекол својата кандидатура за делегат во Собранието, по што Централната изборна комисијата го усвоила мандатот на д-р Александар Стојановски. Ваквата одлука на Верификационата комисија, како што објасни др Ѓоргиевска, се должи на немањето никакви законски пречки за доделување на мандатот на д-р Александар Стојановски.

Со мандатот на д-р Стојановски, Собранието на Комората има 49 делегати.

По верификацијата на мандатот на д-р Стојановски, сите присутни 48 од вкупно 49 делегати (еден отсутен) на глас ја прочитаа свечената изјава и се обврзаа да се грижат за достоинството и дигнитетот на докторите на стоматологија и Комората и за совесно вршење на стоматолошката професија.

2.За изборот на претседател на Собранието на Комората, претседавачот со седницата, д-р Демири,  потенцираше дека до Работното претседателство на Собранието се доставени два предлога со потписи и имиња од делегати присутни на конститутивната седница.

Првиот предлог, предложен од 24 делегати е д-р Весна Чемерска Попова, а вториот предлог за претседател на Собранието, доставен  и потпишан од 21 делегат е за д-р Јован Гагалески.

Централната изборна комисија и Верификационата комисија се повлекоа за да ги разгледаат и констатираат двата предлога за поддршка за претседател на Собранието.

По кратка пауза, ЦИК и Верификационата комисија на присутните делегати им соопштија дека двете поддршки за кандидатура за претседател на Собранието се уредни и дека се потврдуваат од двете комисии и дека Собранието треба да премине на избор на собраниски претседател. Од таа причина, претседателот на ЦИК побара гостите на седницата да истапат со цел – полесно да може да се избројат гласовите на делегатите. Притоа, д-р Пецаков објасни дека од вкупно 49 констатирани собраниски мандати на седницата се присутни 48 делегати на Собранието.

По спроведеното јавно гласање, од претседатеот на ЦИК, беше констатирано дека за д-р Весна Чемерска Попова 24 делегати гласале “за”, 13 против и 11 воздржани.

За д-р Јован Гагалески 23-ца делегати гласале “за”, 21 против и 4 воздржани.

По спроведеното јавно гласање, не е направен изборот на претседател на Собранието на СКМ, поради немање мнозинство од  вкупниот број на делегати во Собранието.

Доктор Цветанка Мишевска Бајрактарова,  со предлог да се спроведе тајно гласање.

На нејзиниот предлог, д-р Маријан Денковски со објаснување дека јавно гласање в сушност би значело прво Собранието да направи измени и дополнувања на глава IV, односно член 23 од Статутот, со кој се регулира оваа проблематика.

Доктор Круме Чесноски побара збор и истакна дека изборот на претседател на Собранието е свечен чин, а дека избраната личност не само што понесува голема одговорност со новата функција туку треба да ужива и углед од своите колеги - делегати. Оттука, така е и предвидена статутарната одредба  - прво да се избира претседател на Собранието а потоа претседател на Комората. Доктор Чесноски истакна дека доколку собранискиот состав не се договори за изборот на претседател на Собранието тогаш прашање е дали делгатите ќе успеат да се договорат за избор на претседател на СКМ, за тела и органи.

Предлог на др Чесноски е членовите на Собранието да се надминат себеи да дозволат највисокиот орган на Комората да има успешен почеток.

Претседателот на ЦИК побара толкување од правниот консултант Илија Илиевски.

Илиевски објасни дека со член 23 став 2 од Статутот е пропишана технологијата на начинот на спроведување на изборот на претседател на Собранието според кој за изборот е потребно мнозинство од вкупниот број на делегатите што ги брои Собранието и дека гласањето се спроведува јавно. Но, како што потенцираше тој, Собранието е највисок орган и може да наметне, доколку сите така членови мислат, поинаква методологија на гласање.

Предлогот за тајно гласање за претседател на Собранието ставен на гласање и едногласно изгласан, по што Собранието спроведе тајно гласање за двата предлога за претседател на Собранието.

Тајното гласање се спроведе по истиот редослед по којшто делегатите беа потпишани на списокот за присутни.

По пауза дадена за пребројување на резултатите од тајното гласање, претседателот на ЦИК даде извештај дека за д-р Весна Чемерска Поповска гласале “24” делегати, а за д-р Јован Гагалески 19 “за” и  пет неважечки ливчиња.

По и ова неуспешно спроведено гласање, претседавачот на седницата, д-р Демири, даде два предлога :

-кандидатите за претседател да се повлечат и да изнајдат соломонско решение или

-седницата да продолжи друг ден, односно најдоцна за 30 дена, согласно член 15 од Статутот.

Се отвори дискусија околу можностите и начинот како да се постапи во продолжение на седницата на кое свои видувања по однос на законските можности изнесоа д-р Драган Китановски кој се осврна на Деловникот за работа на Собранието и Правилникот за избори на СКМ, правниот консултант на Комората Илија Илијоски и други.

Според д-р Чесноски, одложувањето на седницата никому не би одело во прилог и дека воедно со такво решение би се нарушил и угледот на Собранието на Стоматолошката комора.

По повторна пауза,претседавачот на седницата, д-р Амет Демири, ја прекина изборно-конститутивната седница и продолжението на оваа собраниската седницата остана да се свика за некој друг ден, согласно Статутот и актите на Комората.

Записничар :

Јасминка М. Јанева

Оверувачи на записник :

Д-р Драган Китановски

Д-р Арбен Асани

**STOMATOLO[KA KOMORA NA MAKEDONIJA**

**DENTAL CHAMBER OF MACEDONIA**

---

br. 02- 557/8 ul. Антон Попов br1/4-5Skopje

08.05.2018 god.
(02) 3246 851 3246 852

Записник од продолжение на изборно-конститутивна седница на Собранието на Стоматолошка комора на Македонија одржана на 08.05.2018

Согласно член 15 став 2 и 3 од Деловникот за работа на Собранието на Комората, продолжението на изборно-конститутивната седница го отвори претседавачот на Работното претседателство, д-р Амет Демири.

Присутни се 29 од 49 делегати на Собранието, со што се утврдува дека согласно Деловникот на Собранието, има кворум за работа на денешното продолжение на седницата.

Се констатира дека на седницата е присутен и правниот застапник на Комората, Илија Илиоски.

Се констатира дека од Централната изборна комисија присутен е д-р Агрон Пашоли, кој е и делгат во Собранието.

Претседавачот, истакна дека до Собранието е доставен допис од останатите два члена на Работното претседателство кои не се присутни на седницата, д-р Цветанка Бајрактарова Мишевска и д-р Марија Пеева, и допис од Централната изборна комисија, за кои претседавачот истакна дека ќе бидат разгледани подоцна во текот на собраниската седницата, со оглед дека најмногу се однесуваат на изборот на претседател на СКМ.

Доктор Демири ја продолжи седницата со точката од дневниот ред на изборно-конститутивната седница, по која постапката не беше завршена седницата на Собранието одржана на 25.04.2018 година - Избор на претседател на Собранието на Стоматолошка комора на Македонија.

Претседавачот истакна дека кандидатите за претседатели за Собрание на Комората од претходно одржаната седница на 25.04.2018 година, кои и по три гласања на седницата, не добија мнозинство од делегатите за избор за претседател на Собранието , го известиле дека се откажуваат од кандидатурата и тоа се констатира од негова страна.

Претседавачот наведе дека е доставен нов предлог за кандидатура за претседател на Собрание на Комората, за д-р Оливер Манасиев, потпишан од 24 делегати кои му даваат поддршка, со што се исполнети одредбите од  Статут на СКМ и Деловник за работа на Собранието и, Собранието може да продолжи со постапката за избор на претседател на Собранието на Комората.

Процедурално, побара збор д-р Весна Чемерска Попова.

Таа истакна дека кога била избрана за делегат на Комората се чувствувала достоинствена поради тоа што ќе може да ги истакнува ставовите и барањата на колегите. Односно, 49-те делегати на Собранието ги претставуваат 3800-те стоматолози во државата. Како што кажа таа, сметала дека конститутивната седница треба да претставува свечен чин, но дека тоа не се случило. Доктор Чемереска Попова своето  разочарување го истакна недвосмислено и нагласи дека дури и нејзиното присуство како делегат станало дискутабилно. Притоа, потенцираше дека сака некои грешни постапки да бидат исправени. По однос на ова го постави проблемот со бројот на членови во Верификационата комисија на Комората, кој согласно член 7 од Деловникот на Собранието треба да е три члена, но дека на конститутивна седница биле назначени четири члена во оваа Комисија, со што се прекршени и актите на Комората.

По процедуралната забелешка, зеде збор д-р Оливер Манасиев, кој изјави дека поднесува оставка од местото член на Верификациона комисија, со што Комисијата сега брои три члена, согласно актите на СКМ.

Собранието констатира дека Верификационата комисија е во состав согласно член 7 од Деловникот за работа на Собранието.

По ова, процедурално повторно побара збор д-р Коста Изов  кој даде предлог -  Собранието да избере нов оверувач на записник, со оглед дека д-р Драган Китановски не е присутен на седницата.

Собранието едногласно за оверувач на записник на местото на оверувач на записник, д-р Драган Китановски, ја изгласа д-р Катерина Стаменковска.

Потоа, д-р Маријан Денковски побара од Стручната служба да се добие информација за писмено најавените отсуства на дел од делегатите на Собранието, кандидатите за претседател на Комората и членовите на ЦИК.

По добиената информација од Стручната служба дека од делегатите кои не присуствуваат на седницата, никој не доставил во писмена форма информација за отсуство, таква информација не доставиле ниту отсутните кандидатите за претседател на Комората.

По однос на отсутните членови на ЦИК на СКМ - претседателот на ЦИК, д-р Кирил Пецаков дал писмена информација дека е отсутен поради службено патување, членот д-р Гоце Бабовски дал усна информација дека е на свадба во странство, д-р Данчо Бизевски дека е спречен поради закажани пациенти во ординација, а д-р Јосиф Ристески не даде конкретна информација за отсуство.

Д-р Денковски побара во записник да биде внесено дека Собранието констатирало неоправдано отсуство на изборно-конститутивна седница.

Се констатира дека отсутните делегати не доставиле информација за нивно отсуство и причини за отсуство.

Со оглед дека нема повеќе процедурални забелешки, претседавачот на Собранието, ги повика членовите на Верификациона комисија да направат увид во предлогот за кандидат за претседател на Собрание.

Претседателот на Верификациона комисија д-р Спасенија Ѓоргиевска, извести дека предлогот е согласно на актите.

Претседавачот ја продолжи работа по прекинатата точка од дневниот ред за избор на претседател на Собрание и предлогот за претседател на Собрание за д-р Оливер Манасиев го стави на гласање , со барање согласно член 14 став 2 од Деловникот за работа на Собранието гласањето да се спроведе јавно.

Предлогот за јавно гласање е изгласан едногласно, по одлука за повторно јавно гласање, делегатите со кревање на рака едногласно (од присутни 29 делегати со 29 гласови “за”, против - нема, воздржани- нема) го изгласаа д-р Оливер Манасиев за претседател на Собрание на СКМ.

Претседавачот констатира дека Собранието донесе Одлука за избор на д-р Оливер Манасиев за претседател на Собранието на Стоматолошката комора на Македонија за следниот четиригодишен мандат. Претседавачот д-р Амет Демири му честита на претседателот на Собранието за изборот и му го препушти водењето на седницата.

Претседателот на Собранието се заблагодари на делегатите за изборот и предложи согласно член 37 став 2 од Статутот на СКМ и член 13 од Деловникот на Собранието, дневниот ред да се дополни со точка за избор на заменици на претседателот.

Собранието едногласно го усвои предлогот.

Претседателот предлага, заменици на претседателот да станат д-р Вјоса Положани и д-р Ана Сотировска и го стави предлогот на гласање.

Делегатите со кревање на рака едногласно со 29 гласови “за“ од присутни 29 делегати, против - нема, воздржани- нема, ги изгласаа д-р Вјоса Положани и д-р Ана Сотировска за заменици на преседателот на Собранието.

По однос на точката од дневниот ред: Избор на Претседател на Комората, претседателот на Собранието акцентираше дека од страна на ЦИК до Собранието на Комората е доставена листа на кандидати за претседател на Комората, согласно член 16 од Деловникот на Собранието.

Меѓутоа, како што кажа д-р Манасиев, ЦИК до денес нема постапено согласно својата обврска од член 17 и член 18 од Деловникот, ги нема доставено до Собранието потребните гласачки

материјали, а на седницата не се присутни членовите и претседателот на ЦИК, освен д-р Агрон Пашоли, кои согласно член 17 се должни да го спроведат изборот за претседател и да се грижат за регуларно спроведување на изборот.

Претседателот предлага да се разгледаат дописот од два члена на Работното претседателство и допис од Централната изборна комисија, накратко ја изложи содржината на дописите кои веќе претходно на сите делегати им се доставени по мејл и заклучи дека наведеното во двата дописа за нелегитимност на закажување и одржување на денешна седница е неосновано и место за дискусија е Собранието, па на дописите ќе одговори писмено бидејќи се насловени до Собранието на СКМ.

Претседателот предложи, Собранието на Комората изборот на претседател на СКМ да го одложи за следна седница, со оглед дека не се присутни сите  членови на ЦИК. Акцентираше дека следната седница мора да се одржи во најкраток можен рок со оглед дека истекува рокот за избор на претседател на Стоматолошката комора, согласно член 15 од Деловникот на Собранието и беше усогласено дека дефинирањето на термин за одржување на изборната седница за избор на претседател на СКМ, треба да се направи дополнително, по спроведена консултација со сите засегнати страни, а во меѓувреме ја задолжи Стручната служба на Комората, најитно до претседателот и членовите на ЦИК, да достави задолжување да ја извршат својата обврска за изготвување на гласачките ливчиња и останатиот гласачки материјал, согласно член 17 и 18 од Деловникот, како и да се појават на изборната седница на Собранието и да ја извршат својата должност за спроведување на избор на Претседател на СКМ, предвидена во Деловникот на Собранието и Правилникот за избори.

Записничар :

Јасминка М. Јанева

Оверувачи на записник :

Д-р Катерина Стаменковска

Д-р Арбен Асани

**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**

**MACEDONIAN DENTAL CHAMBER**

---

Бр. 02-557/13 ul. Антон Попов бр.1/4-5Скопје

21.05.2018 год.

☎(02) 3246 851/ 3246 852

Записник од продолжение на изборно-конститутивна седница на Собранието на Стоматолошка комора на Македонија одржана на 21.05.2018

Изборно-конститутивната собраниска седница на Стоматолошка комора на Македонија одржана во неколку продолженија и тоа на : 12.04.2018, 25.04.2018, 08.05.2018 и 21.05.2018 година.

Третата точка од дневниот ред – Избор на Претседател на Стоматолошка комора на Македонија се одржа на продолжението на изборно-конститутивна седница на 21.05.2018 год.

На продолжението на изборно-конститутивната седница одржано на 21.05.2018 од вкупно 49 делегати присуствуваа 47.

Седницата ја отвори претседателот на Собранието на Комората, д-р Оливер Манасиев кој ги поздрави присутните делагати. Беше констатирано мнозинство, согласно што Собранието може да одлучува.

Согласно член 25 од Деловникот за работа на Собранието на Комората, претседателот на Собранието истакна дека седницата може да продолжи по расправа по однос на точка три од дневниот ред.

Процедурално, побара збор д-р Кирил Пецаков, претседателот на Централно-изборната комисија на Комората.

Доктор Пецаков накусо посочи дека во текот на изборниот процес постоеле повеќе недоразбирања и недоречености меѓу инволвираните страни во изборниот процес. Како еден од битните моменти го посочи продолжението на изборно-конститутивната седница што се одржа на 08.05.2018 год. кога без присуство на ЦИК беше избран претседател на Собранието на Комората. Како што истакна д-р Пецаков, не е спорно дека изборот на претседател на Собранието бил направен според волјата на мнозинството делегати на Собранието, но потенцираше дека според Правилникот за избори и Деловникот за работа на Собранието, Централната изборна комисија го спроведува севкупниот изборен процес и од таа причина било задолжително присуството на нејзините членови.

Доктор Пецаков кажа дека до него, како претседател на ЦИК, е стигнат допис од новоизбраниот претседател на Собранието во кој во пет точки е наведено дека за да се запази во целост ставот и

на делегатите и на ЦИК новоизбрниот претседател на Собранието со согласува на првата следна седница, по спроведувањето и завршувањето на изборот на Претседател на Комората, на седница на која ќе присуствуваат сите делегати на Собранието, како точка на дневен ред да се стави изгласување на доверба на новоизбраниот претседател на Собранието.

Дописот, како што најави д-р Пецаков, е гест на добра волја. Во врска со овој допис, тој направил консултации со засегнатите страни и со правниот консултант на Комората за неговата издржаност и спроведливост.

По излагањето на претседателот на ЦИК, побара збор д-р Круме Чесноски од РО Прилеп. Според него, доставениот допис од претседателот на Собранието е дел на некаков договор и предложи, како гест на добра волја Комората да има трица претседатели.

По куса дискусија, доставениот предлог на претседателот на Собранието до ЦИК беше ставен на гласање за негово усвојување.

Од 47 присутни делегати “за” гласаа 41, со што истиот беше усвоен.

По однос на третата точка од дневниот ред, согласно член 16 став 3 и 4 од Деловникот на Собранието, д-р Манасаиев ја објасни целата изборна процедура за избор на Претседател на Стоматолошката комора. Потоа, од кандидатите за претседател на Комората беше побарано накусо да ја изложат својата изборна програма за новиот четиригодишен мандат.

Професор Поповки им се заблагодари на своите колеги. Во своето обраќање објасни дека 90% дел од зацртаната програма на претходниот состав била реализирана. Тој истакна дека доколку повторно стане претседател на Комората ќеја зајакне комуникацијата со срдоните институции, ќе ја засили Стручната служба и со кадар и во техничка смисла, ќе работи на проширување на мрежата на сите ниво за стоматологијата, техниката да се одвои од докторте специјалисти, едукација за оралното здравје, продлабочување на врските со коморите од регионот и со асоцијации и комори на пошироко меѓународно ниво и сл. Редоследот на активности ќе биде во зависност од барањата на колегите.

Доктор Денковски кажа дека Комората, односно претходните претседатели на СКМ, работела и во голем дел од својата работа била успешна во своето работење. Тој акцентираше дека многу години успешно работи како приватен стоматолог, дека многу млади колеги својата едукација во праксата ја пминале во ординацијата кај него, дека им ги знае проблемите на колегите кои се и негови проблеми. Но, според него, она што е суштинско во овој момент е дека од страна на членството е загубена довербата во Комората и во Службата. Тој истакна дека пред изборниот ден постоеле многу малверзации и недолично па дури и злобно однесување за кое и размислува дали да покрене кривична постапка. Притоа, им се извини на сите оние кои покрај него случајно или неслучајно биле инволвирани во таквите валкани работи. Неговата заложба, како што кажа, ќе биде во насока на сплотување на докторите по стоматологија и на издигнување на стоматолошката фела на ниво кое го заслужуваат колегите.

Професор Апостолска во своето обраќање пред колегите истакна дека во предизборниот период не се јавувала или вршела некакви притисоци врз колегите по регионите и врз делегатите. Таа истака дека има многу работи што СКМ треба да ги направи меѓу што и наброја: уписната политика, статистички податоци во смисла на непоседување на соодветни епидимиолошки податоци  за оралното здравје на пациентите, едукација на пациентите за оралното здравје, разјаснување на недореченостите по однос на специјализациите, намалување на трошоците на колегите по однос на јавните овластувања што ги спроведува Комората и сл.

Д-р Пецаков, претседателот на ЦИК ја објасни постапката за гласање. Секој присутен делегат по реализирање на своето право на глас треба да се повлече. По завршувањето на гласањето, ЦИК записнички ги констатира изборните резултати, односно ги пребројува гласачките ливчиња (важечки, неважечки и бројот на гласови за секој кандидат одделно) по што и јавно ги објавува резултатите.

Согласно член 17,18,19,20,21,22 од Деловникот за работа на Собранието на Комората, претседателот на Собранието го озчни процесот на гласање за избор на Претседател на СКМ.

По спроведениот избор ЦИК констатираше дека од 47 присутни 23 делегати “за”гласале за д-р Денковски, 14 биле “за” за проф.Поповски, 10 гласа “за” проф Апостолска и две ливчиња неважечки.

По констатираните резултати ЦИК објави дека ќе се спроведе втор круг на гласање.

Резултатите од второт круг на гласање според информацијата на ЦИК: По спроведениот втор круг на избор за Претседател на СКМ, ЦИК констатираше дека од 47 присутни 25 делегати “за”гласале за д-р Денковски, 14 биле “за” за проф.Поповски и осум ливчиња неважечки.

Одлука: Според констатираните резултати од гласањето на изборно-конститутивната седница за Претседател на Комората, со освоени 25 гласа од присутните 47 делегати, согласно член 16 став 3 и 4 од Деловникот на Собранието, Статутот и Правилникот за избори и именувцање на делегати на РО на СКМ, делегати на Собранието и Претседател на Комората, д-р Маријан Денковски се прогласува за Претседател на Стоматолошка комора на Македонија за периодот од 2018-2022 година.

Новоизбраниот претседател на Стоматолошката комора на Македонија, д-р Денковски, им се заблагодари на присутните колеги и посебно на оние кои го поддржале неговиот избор. Потенцираше дека ќе биде претседател на Комората за сите, но дека со СКМ нема да раководи само претседателот туку и сите присутни. Дека во креирањето на иднината на стоматологијата и на стоматолошката фела ќе се гради заеднички, со учество на сите кои сакаат да помогнат.

Записничар : Претседател на Собранието на Стоматолошка комора на Македонија

Јасминка М. Јанева Д-р Оливер Манасиев